# З А П И С Н И К

Од дваесет и четвртата седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 30.08.2023 година, (среда) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни: 13** советници.
**Отсатни: 2**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин Рушити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред.

## Дневен ред

1.Разгледување и усвојување на записникот од дваесет и третата седница на Советот на општина Брвеница.
2.Предлог-Одлука за давање мислење на Статутот на ООУ „Коста Рацин„ с.Брвеница.
3.Предлог-Одлука за усвојување на Годишната програма за работа за учебната 2023/2024 година на ООУ „Коста Рацин„ с.Брвеница и Годишниот извештај за работа на ООУ „Коста Рацин„ с.Брвеница за учебната 2022/2023 година.
4.Предлог-Одлука за усвојување на Годишната програма за работа за учебната 2023/2024 година на ООУ „7 Марси„ с.Челопек.
5.Предлог-Одлука за усвојување на Годишната програма за работа за учебната 2023/2024 година на ООУ „Гоце Делчев„ с.Стенче.
6.Разгледување и усвјојување на Прв Ребаланс на Буџетот на општина Брвеница за 2023 година.
7.Предлог-Одлука за усвојување на План за Локален економски развој на општина Брвеница за период од 2023-2026 година.
8. Предлог-Одлука со која се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2024 година на општина Брвеница.

Претседателот на Советот ги прочита точките и праша дали има за измени и дополнување на дневниот ред и меѓу другото кажа, имаме една дополнителна точка која пристигна после испраќање на материјалот на советниците. Се работи за „писмо со намера„ со кое писмо компанијата БАШКИМ ТУРС има волја да донира на општината одредена сума на финансиски средства наменси за рехабилитација на две улици:
-Рехабилитација на улица во с.Милетино 195 метри дилжина и 3 метри ширина, во вредност од 1.150.000,00 денари и
- Рехабилитација на улица во с.Стенче 155 метри должина и 4 метри ширина, во вредност од 1.290.000,00 денари.
За оваа намера за донација ние треба да донесеме одлука.
Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот дневниот ред заедно со дополнителната точка, го стави на гласање и истиот едногласно се усвои од присутните 13 советници.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на записникот од дваесет и третата седница на Советот на општина Брвеница„ Претседателот на Советот ја прочита истата и праша дали има забелешки на записникот.

За збор се јави Злате Китановки и кажа, во дневниот ред во шестата точка пишува „Втор ребаланс на Буџетот на општина Брвеница за 2022 година„ додека во Предлог-Одлуката пишува „Прв ребаланс на Буџетот на општина Брвеница за 2023 година„.

Од администрацијата беше одговорено дека се работи за техничка грешка и дека се работи за Прв ребаланс.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„Усвојување на записникот од дваесет и третата седница на Советот на општина Брвеница„** го стави на гласање и истиот беше едногласно прифатени од присутните 13 советници.

**II**

По однос втората точка на дневен ред, „Предлог-Одлука за давање мислење на Статутот на ООУ „Коста Рацин„ с.Брвеница„ Претседателот на Советот збор му даде на Претседателот на Комисијата за општествени дејности.

Претседателот на Комисијата за општествени дејности кажа, оваа точка да кажам беше едногласно прифатена од страна на комисијата, предлагаме и вие да ја прифатите а тука е и директорот на ова училиште кој подетално ќе ви објасни.

Директорот на ООУ „Коста Рацин„ с.Брвеница кажа, се работи за дополнување на Статутот по предлог на просветниот инспекторат за проблемот со булингот на учениците. Цела препорака од министерството е да се вметне во Статутот и за патронатот на училиштето.

Претседателот на Советот овори расправа и кажа, бидејќи во комисијата е дискутирано и комисијата се согласи и немало никакви забелешки, директорот даде објаснување.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„Одлука за давање мислење на Статутот на ООУ „Коста Рацин„ с.Брвеница„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатен од присутните 13 советници.

**III**

По однос третата точка на дневен ред, „Предлог-Одлука за усвојување на Годишната програма за работа за учебната 2023/2024 година на ООУ „Коста Рацин„ с.Брвеница и Годишниот извештај за работа на ООУ „Коста Рацин„ с.Брвеница за учебната 2022/2023 година„ , Претседателот на Советот збор му даде на Претседателот на Комисијата за општествени дејности.

Претседателот на Комисијата за општествени дејности кажа, исто и за ваа точка, во комисијата беше едногласно прифатена годишната програма ппо препорака од надлежното министерство, ние во програмата не менуваме ништо и доколку не се изгласа овде на Совет сепак од страна на надлежното министерство се смета за усвоена. Ние може само да предлагаме некои активности.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, овие три точки се дискутираа и во комисијата во врска со програмите на истите но во некои училишта има можност за да ја посетуваат наставата деца со посебни потреби но во некои нема можност. Ние како општина треба да се потрудиме и да им обезбедиме на децата со посебни потреби по еден учител.

Претседателот на Советот се надоврза и кажа, за предлогот од Абеб треба да се бара помош од надлежното министерство.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за усвојување на Годишната програма за работа за учебната 2023/2024 година на ООУ „Коста Рацин„ с.Брвеница и Годишниот извештај за работа на ООУ „Коста Рацин„ с.Брвеница за учебната 2022/2023 година„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 13 советници.

**IV**

По однос четвртата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за усвојување на Годишната програма за работа за учебната 2023/2024 година на ООУ „7 Марси„ с.Челопек „ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за општествени дејности.

Претседателот на Комисијата за општествени дејности кажа, комисијата и оваа точка ја разгледа и едногласно ја прифати, предлагаме и вие да ја прифатите и доколку нешто сака директорот да додаде.

Директорот на ООУ „7 Марси„ с.Челопек „ кажа, како сами што кажавте за активностите, тие се прават тековно во годината. Знам дека минатата година имавте некои забелешки на персоналот во училиштето. Сите дадени информации се 100% точни и по однос кажаното од Абеб оваа година имаме по еден ученик во Челопек и во Милетино, нивото на оштетување е помало и затоа имаме препорака педагогот да се занимава со оваа проблематика а се надеваме дека од Министерство за образование ќе ни обезбедат образовен асистент.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Абеб Нухии се надоврза и кажа, сакав лично да му се заблагодарам на директорот, активен е во училиштето, условите кои треба да се обезбедат обезбедени се и спортската сала во училиштето е реновирана.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за усвојување на Годишната програма за работа за учебната 2023/2024 година на ООУ „7 Марси„ с.Челопек„ , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутни 13 советници.

**V**

По однос на петтата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за усвојување на Годишната програма за работа за учебната 2023/2024 година на ООУ „Гоце Делчев„ с.Стенче„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на претседателот на Комисијата за општествени дејности.

Претседателот на Комисиијата за општествени дејности кажа, исто и оваа точка беше едногласно усвоена во комисијата.

Претседателот на Комисијата за општествени дејности збор му даде на Директорот на ООУ „Гоце Делчев„ с.Стенче„.

Директорот на ООУ „Гоце Делчев„ с.Стенче„ кажа, Програмата е иста како и во другите училишта, шаблон е и самите слушнавте, доколку нешто ве интересира, прашајте.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за усвојување на Годишната програма за работа за учебната 2023/2024 година на ООУ „Гоце Делчев„ с.Стенче„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 13 советници.

**VI**

По однос на шесттата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на Прв Ребаланс на Буџетот на општина Брвеница за 2023 година„ Претседателот на Советот збор му даде на соодветниот по финансии вработен во општината.

Соодветниот од општината кажа, по покачувањето на платите за функционерите немаме доволно финансиски средства за плата на Градоначалникот, имаме зголемување на средствата кај ДДВ-то, ни стигна писмо од финансии дека ДДВ-то е покачено. И преносот на средствата од минатата година ќе го објаснам бидејќи и тие се распределени по позиции. Понатака соодветниот од општината по финансии објаснуваше по позиции, ставки и потставки.

Претседателот на Советот пред да отвори расправа кажа, сега веќе ни е јасно зошто треба да има измени .

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Прв Ребаланс на Буџетот на општина Брвеница за 2023 година „ Брвеница„ , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 13 советници.

**VII**

По однос на седмата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за усвојување на План за Локален економски развој на општина Брвеница за период од 2023-2026 година „ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за урбанизам.

Претседателот на Комисијата за урбанизам кажа, ние како Комисија за урбанизам имавме една точка на дневен ред, планот за ЛЕР, планот ни беше презентиран како и временската и финансиската рамка а ние како советници треба да го изразиме своето мислење. Планот е професионално изработен со вклученост на администрацијата, бизнис секторот и други. Овој план опфаќа изградба на улици , фекална канализација, изградба на нови детски градинки. Јас како претставник на комисијата предлагам во планот да влезе и изградба на овие две улици: патот Мали таат (Сува гора) и патот Вардарска на кај Блаце од Алумина до домот. Во врска со спортот зависи од многу фактори, зависи од иницијативата за изградба на спортски терени секаде низ општината. Вие сте сведоци дека сме имале планови но небиле реализирани. О.Брвеница е посветена на спортот, сега ја замолувам и Владата на Р.Македонија да ни помогне. Градоначалникот, администрацијата, секторот ЛЕР дава мерки кои се внесени во овој план, ние како комисија едногласно гласавме.

Претседателот на Советот збор му даде на соодветниот од општината.

Соодветниот од општината кажа, после подолго време општина Брвеница има изработено стратегија долгорочна за време од 3 години, тоа е средно роковен документ. Овој документ ќе биде потребен за општината и за граѓаните на општината, со помош на УСАИД пишан е од ваша страна. По однос на методологијата за изработка, да бидат опфатени повеќе активности, тие да бидат реални и во согласност со Буџетот. Овој документ е потреба во однос на надворешни чинители-донатори, на секој оглас аплицираме. Направени се анализи, средби, пуштен е и прашалник, направена е свот анализа и нашите планови се прифатени. Вие сте тие кои го гласате, не може стратешки план да важи ако не помине на Совет. Во планот има 5 цели но не значи дека не може да се дополни овој документ.

Претседателот на Советот кажа, Абеб и Јакуп добро објасниа, повеќе од улиците не се во добра состојба, во планот треба да внесете и репарација на земјоделските патишта. Во изработка на долгорочен план да се внимава и на природата на животната средина, да не биде дека ги кршиме правата на граѓаните и да го штитиме нивното здравје.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот ја стави точката „Одлука за усвојување на План за Локален економски развој на општина Брвеница за период од 2023-2026 година „ и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 13 советници.

**VIII**

По однос на осмата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука со која се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2024 година на општина Брвеница„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа, за ова подетално ќе ви објасни соодветната од општината.

Соодветната од општината кажа, како и секоја година така и оваа, согласно Законот за вработување во јавниот сектор изготвува План за вработување за кој план Советот е должен да го разгледа и донесе. Понатака соодветната од општината продолжи да објаснува по однос Планот за вработување.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука со која се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2024 година на општина Брвеница „ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 13 советници.

**XIX**

По однос на деветтата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за прифаќање на донација„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа, ова е дополнителна точка каде БАШКИМ ТУРС има воља да донира на општината одредена сума на финансиски средства наменси за рехабилитација на две улици:

-Рехабилитација на улица во с.Милетино 195 метри дилжина и 3 метри ширина, во вредност од 1.150.000,00 денари и

- Рехабилитација на улица во с.Стенче 155 метри должина и 4 метри ширина, во вредност од 1.290.000,00 денари, и предлагам да се прифати точката.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за прифаќање на донација „ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 13 советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши дваесет и четвртата седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
Наташа Стојческа

**Претседател на Совет**
**Бујамин Рушити**

**Бр.08-1637/2**
**30.08.2023 год.**
**Брвеница**